Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 04-7304/1
28.07.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

28. Јули 2023

АРХИВСКИ БРОЈ: 04-

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија бр. 58/2020, 44/2002, 82/2008,167/2010 и 51/2011" и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/2019 и 110/2019) и член 41 став 1 од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 294/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

## РЕШЕНИЕ
## за определување на офицер за заштита на личните податоци

За офицер за заштита на личните податоци во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се определува лицето **Михаела Михајловска-Јовевска** вработена на работно место со звање Помлад соработник за политика на кредитирање и финансиски инженеринг во земјоделството и руралниот развој во Одделение за политика на кредитирање и финансиски инженеринг во земјоделството и руралниот развој-Сектор за рурален развој.

1. **Офицерот за заштита на личните податоци ги врши најмалку следните работи:**

(а) ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од овој закон;
(б) ја следи усогласеноста со овој закон, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
(в) каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со членот 39 од овој закон;
г) соработува со Агенцијата;
(д) дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација од членот 40 од Закон за заштита на личните податоци, како и советување според потребите за сите други прашања.

2. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Со донесување на оваа Решение престанува да важи Решение за определување на офицер за заштита на личните податоци во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со број 04-6785/1 од 06.07.2022 година.

Министер,
Љупчо Николовски

Изработил : Андријана Арсовска Масевска
Контролирал: Катерина Урдаревска
Согласен :Жанета Ѓорѓиевска


Министерство за земјоделство,
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
+389 2 3134 477
МКД